**1МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-/211**

**З А П И С Н И К**

**Од 133-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 18.01.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Билјана Бејкова-НВО Инфоцентар и Снежана Трпевска-Институт за истражување на општественоит развој. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,133-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 132-ра седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.

3. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 132-ра седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 132-ра седница на Програмскиот Совет на МРТ.

По расправата записникот од 132-ра седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.

Програмскиот совет на МРТ едногласно **ги усвои** записникот од 132-ра седница на Програмскиот Совет на МРТ со нотираните забелешки.

**ТОЧКА2:Разгледување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.**

На почетокот од оваа седница претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац се заблагодари на гостите Билјана Бејкова од НВО Инфоцентар и Снежана Трпевска од Институт за истражување на општествениот развој за присуството на оваа седница и за давањето придонес кон овој важен документ за МРТ.

Потоа претседателкта во својот вовед кажа дека советот како тело на оваа тема расправа повеќе години и како документ стратегијата претставува многу важен документ,уште пред да биде донесена како законска обврска таму е насловена и како петгодишен план, но ние сакаваме тоа да биде една вистинска стратегија за да знаеме каде сакаме да стигне МРТ,која е целта за еден идеален јавен сервис, и кои се начините на кои може да стасаме до таа цел која ја поставуваме во самата стратегија.Исто така сакаме во документот да формулираме кој ресурси ни се потребни за да стасаме до зацртаната цел,како и буџет кој е потребен за да се стаса до некој идеален модел.

Во однос на процесот на изработка на оваа стратегија до сега претседателката објасни дека МРТ беше дел од проект на ЕУ каде што учествуваат сите јавни радодифузни сервиси од западен балкан и при средбите и состоците беше дискутирано за оваа потреба од изготвување на стратегија и ни беше сугеирано дека ќе ни помогнат со консултанти и експерти кои ќе ни помогнат во изработка и креирање на документот.Така и испадна направивме еден почетен документ кој во неколку циклуси го подобрувавме, и сега се надеваме дека ова е последниот циклус каде ќе ги добиеме вашите забелешки и ке ги вметнеме во документот.

Во продолжение Претседателката на Програмскиот совет им даде збор на претставниците на здруженијата присутни на седницата:

Снежана Трпевска од Институт за истражување на општествениот развој на почетокот ги поздрави сите присутни и истакна дека е добро што вакви документи се дикутираат во ваков поширок состав.

Снежана посочи дека пред три години во 2017 година заедно со уште еден колега има објавено документ за политки, кој ги одразува нашите гледишта во поглед на тоа во која насока треба да се трансформира јавниот сервис (МРТ) кај нас.Во тој документ е изанализирано што се случува прво во јавните сервиси низ светот, кој се главните трендови и пракси,кој се главните политики на ЕУ вклучувајќи го и ставот тука на ЕБУ,и врез основа на тоа предлагаме нешто што не е ново во сферата на јавниот сервис,но претставува враќање на идејата дека јавниот сервис ќе биде тоа само доколку се врати на публиката.

Снежана Трпевска кажа дека главните сугестии и забелешки за предложениот документ, и идеите содржани во Документот за политики ќе ги достави и на писмено до службите во МРТ како би можело полесно да се инплементираат во Петгодишната стартегија за развој на МРТ оние идеи и предлози за кои ќе биде одлучено дека се корисни и важни за подобрување на документот и развојот на јавниот радиодифузен сервис (МРТ).

Потоа збор зеде Снежана Клинчарова и ги образложи своите согледувања за петгодишната стратегија на МРТ, нагласувајќи дека своите предлози за подобрување на текстот, веќе ги испратила во писмена форма до надлежните во куќата. Станува збор за 14 покрупни забелешки и предлози кои се однесуваат на: Воведот, Едукативниот центар ( интерна школа на МРТ ), Свот анализата и потребата од донесување на посебен Закон за МРТ, за користење на европските пари за производство на документарна програма, за најголемото студио на МРТ и Македонија, за Детското драмско студио, за новиот Сектор за човечки ресурси, потребата од враќање на Годишната награда на МРТ, за неопходноста од Истражување на јавното мислење за МРТ, за поефикасна дигитализација на националното богатство на архивата и фонотеката, надминување на проблемите со буџетот на МРТ и властите, потреба за итно зголемување на бројот на вработените во куќата, воведување на ПР служба освен омбудсманот. Со еден збор, предлози и сугестии како и онака добриот текст на стратегијата да се подобри во насока на враќање на престижот на МРТ како јавен сервис меѓу останатите медиуми и воопшто во општеството.

Билјана Бејкова од НВО Инфоцентарот иако беше вклучена на конференциската врска, поради технички причини не беше во можност усно да ги искаже своите предлози и забелешки,па беше предложено и од нејзина страна сугестиите,предлозите и забелешките по однос на Петгодишната стартегија за развој на МРТ да ги достави до службите во МРТ на псимено.

**ТОЧКА 3:Разно.**
Златко Јанковски со прашање зошто не е одговорено по барањето на Програмскиот совет по однос на приговорот на Катерина Топалова,односно зошто не е добиена Информација што се случило за да не се испочитуваат роковите.
Алимпие Алулоски од Одделението за стручна и техничка подршка на советот одговори дека најверојатно поради неработните денови и кусиот период што го имавме меѓу двете седници сеуште не е доставен Заклучокот.
Заменик претседателот Ведат Мемедалија запраша дали има доставено дополнително Изјави за неспоивост на функции од членовите на Надзорниот одбор на МРТ по задолжението од Програмскиот совет на МРТ.
Алимпие Алулоски од Одделението за стручна и техничка подршка на советот одговори дека се пристигнати до сега пет изјави од вкупно седум члена.
Заменик претседателот Ведат Мемедалија предложи наредна седница на Програмскиот совет на МРТ да се одржи за два дена на 20.01.2021 година.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател